Регионален одбор за управување со одпад
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Бр. 01-1/1
27.03. 2014 год.
Пробиштип

Врз основа на член 65, став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13 и 42/14), Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад на Источниот плански регион донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ **Регионален план за управување со отпад за Источниот плански регион** кој го донесуваат Советите на општините, на предлог на Меѓуопштинскиот одбор за управување со отпад, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, во согласност со член 65 од Законот за животната средина.

2. Како органи засегнати од примената на Регионалниот план за управување со отпад за Источниот плански регион се определуваат: Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за здравство, Министерство за транспорт и врски, Министерство за локална самоуправа, општина Штип, општина Пробиштип, општина Кочани, општина Карбинци, општина Виница, општина Чешиново-Облешево, општина Зрновци, општина Македонска Каменица, општина Делчево, општина Пехчево, општина Берово, општина Свети Николе и комуналните претпријатија од регионот.

3. За планскиот документ Регионален план за управување со отпад за Источниот плански регион кој го донесуваат Советите на општините, донесувањето на планскиот документ ќе има влијание врз животната средина.

4. Обемот на Извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: **влијанија на предложените мерки и активности врз населението и човековото здравје, влијанија врз социо-економската состојба, влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух и климатските промени, влијанија врз води, почви, влијанија поврзани со управување со отпад, влијанија врз биолошка разновидност и природно наследство, влијанија врз материјални добра, влијанија врз културно и историско наследство, влијанија од несреќи и хаварии.**

5. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за животна средина и просторно планирање (на следната адреса: www.moepp.gov.mk) и веб страните на општините од Источниот плански регион.

6. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната.

Бр. 01-1/1 од 27.03.2014
Општина Пробиштип

Претседател на Меѓуопштински одбор за управување со отпад на Источен плански регион

Регионален одбор за управување со отпад
ИСТОЧЕН ПЛАНСКИ РЕГИОН
Пробиштип